РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 02-402/2-X-8
20.10.2026 год.
Скопје

Врз основа на член 66, став 1 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019 и бр. 745/2025), а во врска со поднесениот список од студентите бр. 10-13/77 од 15.10.2026 год., Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување дополнителни испитни сесии за апсолвенти за учебната 2026/2027 година

Член 1

На студентите запишани на двете студиски програми на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер–Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои имаат запишан и заверен осми (VIII) семестар, односно ги исполниле поединечните услови за секој наставен предмет од прв до осми семестар, им се одобрува полагање на испити во следниве дополнителни сесии и наведени термини:

- од 9 ноември до 13 ноември 2026 год.;
- од 7 декември до 11 декември 2026 год.;
- од 8 март до 12 март 2027 год. и
- од 5 април до 9 април 2027 год.

Член 2

Полагањето на испитите ќе се спроведува во попладневните часови после 16 часот секој работен ден.

Член 3

Студентите кои ќе пријават полагање на испити во дополнителните испитни сесии утврдени во член 1 од оваа одлука, ќе плаќаат надомест во износ од 500,00 денари за полагање испит за еден наставен предмет.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Горги Грувевски

Доставено до:
- ННС;
- Продекан за настава, наука и меѓународна соработка;
- Одделение за студентски прашања и
- архива /правна служба на Факултетот.